Институтот за демократија „Societas Civilis“ - Скопје (ИДСЦС) и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во јули 2012 г. ги истражуваа ставовите и перцепциите на граѓаните за теми од домашната политичка сцена, преку прашања поврзани со рејтинзите на политичките партии и предизборните здружувања помеѓу политичките партии. Следат објавите на медиумите за „ Рејтинзи на политичките партии и предизборно здружување “.

Извор: Канал 5
**Анкета на ИД и МЦМС: 56, 2,% против коалицијата Црвенковски - Георгиевски**
ВМРО – ДПМНЕ ужива повисок рејтинг во однос на опозициската СДСМ. 25,5 наспроти 19 проценти од определените гласачи.

Извор: Плус инфо
**Власта подобра од опозицијата во анкетите на ИДСЦС и МЦМС**
Една четвртина од испитанците очекуваат дека ВМРО – ДПМНЕ ќе победи на следните избори 25,1 проценти, додека победа на СДСМ очекуваат 15,2 проценти од вкупниот број испитанции.

Извор: Нова Македонија
**Анкета: ВМРО-ДПМНЕ со повисок рејтинг од СДСМ, а ДУИ од ДПА**
Партијата на власт ВМРО-ДПМНЕ има повисок рејтинг во однос на опозициската СДСМ и тоа со 25,5 наспроти 19 отсто од определените гласачи, покажува истражувањето спроведено во текот на овој месец од Институтот за демократија „Социетас цивилис“ и од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС)

Извор: Сител
**Анкета: ВМРО-ДПМНЕ со повисок рејтинг од СДСМ, а ДУИ од ДПА**
Владедечката ВМРО-ДПМНЕ води пред опозицискиот блок и во анкетата на Институтот за демократија и македонскиот центар за меѓународна соработка.

Извор: Телевизија Алфа
**Анкета: ВМРО-ДПМНЕ со повисок рејтинг од СДСМ, а ДУИ од ДПА**
Партијата на власт ВМРО – ДПМНЕ ужива повисок рејтинг во однос на опозициската СДСМ и тоа со 25,5 наспроти 19 отсто од определените гласачи, покажува

истражувањето спроведено во текот на овој месец од Институтот за демократија „Societas Civilis“ - Скопје (ИДСЦС) и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).

Извор: Дневник

**Анкета: ВМРО – ДПМНЕ повторно со повисок рејтинг од опозициската СДСМ**

Партијата на власт ВМРО – ДПМНЕ ужива повисок рејтинг во однос на опозициската СДСМ и тоа со 25,5 наспроти 19 отсто од определените гласачи, покажува истражувањето спроведено во текот на овој месец од Институтот за демократија „Societas Civilis“ - Скопје (ИДСЦС) и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).

Извор: Курир

**Љубчо може да го намали рејтингот на СДСМ**

Според последната анкета на Институтот за демократија и МЦМС коалицијата Бранко-Љубчо не ја одобруваат 56,2 проценти од граѓаните, најголем дел поради недостигот на политички кредибилитет кај овие политичари.

Извор: Курир

**ВМРО-ДПМНЕ со 10 отсто предност пред СДСМ**

ВМРО – ДПМНЕ ќе победи на следните избори (25,1%), додека победа на СДСМ очекуваат 15,2% од вкупниот број испитаници, се наведува во најновата анкета на Институтот за демократија „Societas Civilis“ - Скопје (ИДСЦС) и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).

Извор: Kajгана

**Партијата на власт сé уште ужива највисок рејтинг**

Владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ ужива повисок рејтинг во однос на опозициската СДСМ, покажува истражувањето на Институтот за демократија и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) спроведено во јули.

Извор: Утрински весник

**ВМРО-ДПМНЕ води во анкетите пред СДСМ**

Осум месеци пред локалните избори, се топи разликата меѓу вечните ривали и сега таа изнесува 6,5 проценти

Извор: Вечер

**ВМРО-ДПМНЕ со убедлива предност пред СДСМ**

25,5 проценти од испитаниците на следните избори би гласале за ВМРО-ДПМНЕ, а само 19 проценти за СДСМ. Според истражувањето 51,5 проценти од граѓаните се скептични дека предизборното коалицирање ќе и донесе победа на опозицијата, наспроти 20,8 проценти кои очекуваат победа.

Извор: Нова Македонија

**Повеќето граѓани против коалицијата Бранко – Љубчо**

Според испитувањата на јавното мислење спроведени во јули, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ имаат поголема поддршка од СДСМ и ДПА

Извор: Дневник

**Георгиевски го ниша рејтингот и на Црвенковски**

Потезите што ги прави и изјавите што ги дава Љубчо Георгиевски, лидер на ВМРО-НП, можат да го намалат рејтингот на опозициската коалиција бидејќи предизвикуваат незадоволството во јавноста.

Извор: Сител

**Предизборни коалиции граѓаните против – дипломатите за**

Странските амбасади ја поздравија предизборната коалиција меѓу Црвенковски, Тачи и Георгиевски, но граѓаните и експертската јавност имаат дијаметрално спротивен став.

Извор: Нова Македонија

**СДСМ не сака да оди на избори пред март 2013**

Првиот и најбрз можен момент за одржување предвремени парламентарни избори е заедно со локалните избори во март. Глупост е во оваа земја да се одржуваат избори во период од два месеци, да речеме некои во ноември-декември, другите во март, изјави лидерот на СДСМ, Бранко Црвенковски, кој посакува коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ да остане на власт уште извесен период за граѓаните да ја казнат на изборите

Извор: Радио слободна европа

**Дневен печат - Илинден и поскапувања**

Дневник и Вечер насловуваат: ВМРО-ДПМНЕ повторно со повисок рејтинг од СДСМ -

25,5 наспроти 19 отсто, а околу 32 проценти од граѓаните се изјасниле дека не сакаат да кажат за која партија би гласале на следните избори. Утрински за истата анкета на Институтот за демократија и МЦМС забележува дека ВМРО води, но дека осум месеци пред локалните, се топи разликата помеѓу главните ривали: таа сега изнесува 6,5 проценти.